ТОЛЕРАНЦИЈА • ДИЈАЛОГ • СОРАБОТКА
TOLERANCE • DIJALOG • BASHKPUNIM

# Религиозен дијалог во Република Македонија

ИЗВЕШТАЈ ОД ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Толеранција, дијалог, соработка!
Промовирање на меѓурелигиски дијалог преку градење на капацитетите на медиумите и религиските претставници

Konrad Adenauer Stiftung

IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

Проектот е финансиран од Европската Унија и кофинансиран од Фондација Конрад Аденауер

Проектот е имплементиран од Фондација Конрад Аденауер и Институт за демократија „Социетас Цивилис“

**Издавач**: Проект "Толеранција, дијалог,соработка! Промовирање на меѓурелигиски дијалог преку градење на капацитетите на медиумите и религиските претставници"; Ања Чимек **ФОНДАЦИЈА КОНРАД АДЕНАУЕР** Максим Горки 16/3 кат, МК-1000 Скопје; Телефон: 02 323 11 22; Факс 02 313 52 90; Е-маил: skopje@kas.de; Владимир Мисев **ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА 'СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС' СКОПЈЕ** ул.Крагуевачка 2, МК-1000 Скопје; Телефон/Факс: 02 309 47 60; Е-маил: contact@ idscs.org.mk; **Печати**: Винсент графика; **Дизајн**: Дејан Кузмановски; **Уредници**: Миша Поповиќ и Марко Трошановски; **Автори**: Марија Теговска и Ивана Петкуќеска; **Превод (АЛБ)**: Фаредин Аети; **Превод (АНГ)**: Јана Спироска

**Скопје**
**Декември 2011**

Почитувани,

Пред вас е извештајот од теренското истражување спроведено од страна на Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје. Целта на истражувањето е да се утврдат ставовите, перцепциите и религиозните убедувања на граѓаните на Република Македонија во врска со верски прашања. Теренската анкета се спроведе во период од 20 август до 30 септември 2011 година низ целата територија на Македонија и опфати 1090 испитаници избрани според социо-демографските специфики на земјата.  Истражувањето е дел од проектот „Толеранција, дијалог, соработка! Промовирање на меѓурелигиски дијалог во Македонија, преку градење на капацитетите на медиумите и религиските претставници„ кој е финансиран од Европската Унија и кофинансиран од Фондацијата Конрад Аденауер.
Проектот е спроведен од Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје.
Гледиштата искажани во овој извештај, се единствено гледишта на неговите автори.

Со почит,

IDSCS Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

Konrad Adenauer Stiftung

ТОЛЕРАНЦИЈА • ДИЈАЛОГ • СОРАБОТКА
TOLERANCE • DIJALOG • BASHKPUNIM

# >> Содржина


05 Толеранција, дијалог, соработка

06 Европска Унија

07 Фондацијата Конрад Аденауер

08 Институтот за демократија „Социетас Цивилис“

09 Македонска Православна црква - Охридска Архиепископија

10 Исламска Заедница во Република Македонија

11 Католичка црква во Република Македонија

12 Евангелско - методистичка црква во Република Македонија

13 Еврејска заедница во Република Македонија

14 КОДЕКС ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА

15 МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЊА НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА

15 Дизајнирање на прашалник
15 Утврдување на примерок
16 Собирање на податоци 3
16 Теренско (лице в лице) истражување
17 Обработка и анализа на податоци
18 Контрола на квалитет

19 ПРАШАЛНИК

19 ИЗВЕШТАЈ ОД ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ „РЕЛИГИОЗЕН ДИЈАЛОГ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“

33 ГРАФИЧКО ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИ

**“Толеранција, дијалог, соработка! Промовирање на меѓурелигиски дијалог преку градење на капацитетите на медиумите и религиските претставници преку програмата „Европски инсттрумент за демократија и човекови права“**

Фондацијата Конрад Аденауер (КАС) во партнерство со Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ (ИДСЦС) го имплементираше проектот “Толеранција, дијалог, соработка! Промовирање на меѓурелигиски дијалог преку градење на капацитетите на медиумите и религиските претставници преку програмата „Европски инсттрумент за демократија и човекови права“ Проектот кој е финансиран од Европската Унија преку програмата „Европската иницијатива за демократија и човекови права“ (ЕИДХР) и кофинансиран од Фондацијата Конрад Аденауер, се одвива во Република Македонија, од декември 2010 година до декември 2011 година.
Целна група на проектот се: одбрани новинари од највлијателните електронски, печатени и интернет медиуми кои покриваат религиозни прашања на национално и локално ниво; национални и одбрани локални претставници на петте верски заедници; одбрани групи на млади верници, ученици од основните и средните училишта од етнички мешани и етнички хомогени средини.

Главните активности на проектот вклучуваат: обуки за  новинари и уредници за известување и уредување на религиски теми; обуки за верските гласноговорници – претставниците на верските заедници на национално и локално ниво; заеднички работилници – организирани за новинари и гласноговорници на верските групи, за менаџмент, комуникациски и претставувачки вештини; посети на верски објекти – од припадници на една верска заедница на верски објект од друга заедница; конференција – за водачите на верските заедници; кампања за подигање на свеста преку претставување на позитивни примери за интеракција помеѓу различни заедници; и теренско испитување за фактичката состојба за верските права и меѓуверски дијалог.
Проектот цели кон подигнување на свесноста меѓу населението во Македонија за верска толеранција и прифаќање на различните религиски верувања, како и придонес кон демократизацискиот процес преку промовирање на слобода на изразување, меѓуверски дијалог и религиски плурализам. Во исто време, визијата на спроведувачите е да помагаат во зацврстувањето на капацитетите  на верските гласноговорници и клучните претставници на петте верски заедници и преку подобро информирање и едукација на медиумите да се овозможи тие да комуницираат професионално.

**Адреса:** Максим Горки 16/3 спрат, 1000 Скопје
**Телефон:** +389 2 323 1122
**Факс:** +389 2 313 5290
**Е-пошта:** contact@tolerancijadijalogsorabotka.mk / skopje@kas.de
**Веб:** www.tolerancijadijalogsorabotka.mk

**Европска Унија**

Европската Унија е основана согласно на Договорот за Европска Унија. Во моментов, Унијата има 27 земји-членки. Таа се заснова на Европските Заедници и на соработката помеѓу земјите членки во областите на заедничката надворешна и безбедносна политика, и правосудството и  внатрешните работи. Петте главни институции на Европската Унија се Европскиот парламент, Советот на министри, Европската комисија, Судот на правдата и Судот на ревизори.

Европската Унија има клучно место во меѓународната соработка и помошта за развој. Исто така, Унијата е најголемиот донатор на хуманитарна помош. Денеска, Европската Заедница има политичка и финансиска одговорност за повеќе од 11% од светската јавна помош, споредено со 5% во 1985.

Примарната цел на политиката за сопствен развој на ЕЗ, која беше договорена во ноември 2000, е искоренувањето на сиромаштијата.   За да ги зголеми своите влијанија, ЕЗ ја насочува својата поддршка во шест приоритетни оски: трговија и развој, регионална интеграција и соработка; поддршка за макроекономските политики и еднаков пристап до социјалните услуги; транспорт, безбедност на храна и одржлив рурален развој; градење на институционални капацитети, добро управување и владеење на правото. Покрај овие основни области, важни теми кои се вкрстуваат се насочени кон развојни активности, имено: човекови права, родова еднаквост, животна средина и спречување на конфликти.

http://europa.eu/

Konrad
Adenauer
Stiftung

**Фондацијата Конрад Аденауер (КАС)**

Фондацијата Конрад Аденауер (КАС) е политичка фондација. Во Германија, 16 регионални канцеларии и два конференциски центра нудат различни конференции и настани за граѓанско образование. Канцелариите на КАС надвор од Германија се задолжени за над 200 проекти во повеќе од 120 држави. Слободата, правдата и солидарноста се основните принципи на кои е поставена работата на КАС, која е политичка фондација, тесно поврзана со вредностите на демо-христијанската политика. Фондацијата е горда што го носи името на **Конрад Аденауер**. Името и принципите на првиот канцелар на Федерална Република Германија се нашите насоки, должности и обврска. Основана во 1955 година како „Друштво за Демо-христијанско граѓанско образование", Фондацијата го презема името на првиот Федерален Канцелар во 1964 година.
Како дома, така и надвор, основите на програмите на фондацијата за граѓанско образование целат кон промовирање на слобода, мир и правда. КАС се фокусира на консолидирање на демократијата, на владеење на правото, на унифицирање на Европа и зајакнување на трансатлантските односи, како и развивање на соработката. Со светски раширената мрежа до политичките и социјалните елити и со долгорочни партнерски структури, учествува во обликувањето на политиките во земјите во развој. Со обучување и едуцирање на млади професионалци, КАС го промовира развојниот процес во социјалните групи и политичките партии.

Фондацијата Конрад Аденауер отвори свое претставништво во Скопје на 1 јули 2000 година и мала локална канцеларија во Приштина во 2007 година. Од тогаш разновидни семинари, работилници, обуки и конференции беа организирани низ државите. Фокусот на Фондацијата Конрад Аденауер во Република Македонија и Република Косово е на: политичка едукација и јакнење на граѓанското општество; евроинтегративните процеси; поддршка на меѓуетнички и меѓурелигиски дијалог и слобода на медиумите.

Фондација Конрад Аденауер
**Канцеларија Македонија**
Максим Горки 16/3 кат
1000 Скопје
**Телефон:** +389 2 323-1122
**Факс:** +389 2 313-5290
**Е-пошта:** Skopje@kas.de
**Веб:** www.kas.de/macedonia

Фондација Конрад Аденауер
**Канцеларија Косово**
Булевар Мајка Тереза 46/5
10000 Приштина
**Телефон:** +381 0 38 229 874
**Е-пошта:** kas.kosovo@yahoo.de

**Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС)**

Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) е тинк-танк организација основана во Македонија, која што е невладина, непартиска и непрофитна организација. Нашата визија е да работиме на подобрување на демократските процеси во Македонија. Фокусот на ИДСЦС е на развојот на политичката култура на активно вклучување на членовите од општеството, најчесто преку социо-метрички истражувања и активности преку проекти. Веруваме дека човечките вредности се клучен предуслов за позитивни социјални промени. Затоа, со ревност спроведуваме проекти за јакнење на капацитетите основани на пренос на вештини и знаења. Конечно, подобрувањето на нашето општество е поврзано со достапноста на средства за само-рефлексија. Се залагаме за препораки во политиката и се стремиме да го збогатиме јавниот дискурс преку промовирање на политика занована на докази, објавување и јавни настани.

**Адреса:** Крагуевачка 2, 1000 Скопје
**Телефон:** +389 2 3094 760
**Факс:** +389 2 3094 760
**Е-пошта:** contact@idscs.org.mk
**Веб:** www.idscs.org.mk

**Македонска Православна црква - Охридска Архиепископија**

Христијанството на територијата на Македонија  датира од апостолските времиња. Во втората половина на I век, околу 60-тите години по Христос, евангелското патување на св. Апостол Павле, кое го реализирал откако на сон добил повик од човек Македонец да дојде и да проповеда во Македонија, е основен фактор за ширење на христијанството на овие простори околу Медитеранот, но и пошироко.
Во првата половина на X век, на територијата на географска Македонија проповедаат и духовниот живот го организираат светите Климент и Наум, учениците на светите браќа Кирил и Методиј. Тие градат и организираат манастирски и црковни центри, од кои до ден денес опстојуваат Светиклиментовиот комплекс на Плаошник, кој во своите рамки го имал и првиот Универзитет на Балканот, и манастирот на свети Наум, посветен на „Светите Архангели". Сето ова дало добра основа, па во втората половина на X век, во рамките на Самуиловата држава е организирана Охридската автокефална Архиепископија, за подоцна, по паѓањето на Самуиловото Царство, кога била издигната на ниво на Патријаршија, повторно да биде сведена на степен на Архиепископија. Како таква постоела цели осум века, сè до 1767 година, кога е укината од страна на турскиот султан Мустафа III, а нејзините епархии се присоединети кон Цариградската Патријаршија. Од овој момент па натаму, македонскиот народ правел постојани напори за нејзино обновување.
Во март 1945 година, во Скопје е одржан првиот Црковно-народен собор, на кој била донесена Резолуција за обновување на Охридската Архиепископија како Македонска православна црква. Оваа одлука била доставена и до Архиерејскиот собор на Српската православна црква (СПЦ), бидејќи пред војната епархиите во делот на Вардарска Македонија биле во составот на Обединетата православна црква на Србите, Хрватите и Словенците, подоцна - Српска православна црква. Архиерејскиот собор на СПЦ не ја прифатил оваа одлука, но и сите понатамошни барања на Иницијативниот одбор за решавање на црковното прашање во Македонија не наидуваат на одобрување. Во 1958 година, во Охрид е одржан Вториот македонски Црковно-народен собор, каде што бил прифатен предлогот за обнова на Светиклиментовата Охридска Архиепископија, олицетворена во лицето на Македонската православна црква, а за нејзин прв Архиепискo е избран г. Доситеј.
Денес, со Македонската православна црква претседава петиот по ред Архиепископ на возобновената Охридска Архиепископија, Неговото блаженство, Архиепископот охридски и македонски г. г. Стефан. МПЦ има десет епархии, и тоа седум на територијата на денешна Република Македонија и три во дијаспората. Светиот архиерејски синод има единаесет епископи, вклучувајќи го и Поглаварот на МПЦ. На нив моментално им помагаат околу 600 активни свештеници во околу 500 парохии, со повеќе од 2000 цркви и манастири. Од почетокот на деведесеттите години во Македонија се возобнови и монаштвото, кое сега брои околу 150 монаси и монахињи, организирани во братства и сестринства во манастирите низ Македонија.
Верниците на МПЦ денес живеат плоден и организиран литургиски живот, а особено, со забележителна и истакната масовност се празнуваат големите христијански празници како Воскресение Христово – Велигден, Рождество Христово – Божиќ, Богојавление – Водици, Страсната седмица, Успение на Пресвета Богородица итн.

**Адреса:** бул. „Партизански одреди" бр. 12, 1000 Скопје
**Телефон:** 02/323-0697
**Телефакс:** 02/323-0685
**Е-пошта:** mpc@mpc.mk
**Лице за контакт:** Бобан Митевски
**Веб:** www.mpc.org.mk

**Исламска Заедница во Република Македонија**

Исламската Заедница во Република Македонија е одговорна верска организација на сите Муслимани кои живеат на просторот на Република Македонија. Исламската Заедница се грижи за развојот на верскиот живот врз здрави исламски основи; го организира одржувањето на верски работи на верниците и ги одредува нивните задачи и обврски.
За да ги реализираат своите верски задачи, Муслиманите се поврзале со единствената Исламска Заедница, независно од нивната национална или етничка припадност. Организирањето на верскиот живот во Османлиската Држава било под јурисдикција на Шејхул-Исламот во Истанбул, додека по Првата Светска Војна, верскиот живот на Муслиманите бил под јурисдикција на Реис Улема, со седиште во Сараево, Босна и Херцеговина.
Инаку, Исламската Заедница во Република Македонија била составен дел на Исламската Заедница на Кралството Југославија, а потоа во Социјалистичка Федеративна Република Југославија. По распадот на поранешната државна заедница и по осамостојувањето на Република Македонија, оваа заедница продолжува да дејствува како независна верска заедница во Република Македонија, со седиште во Скопје.
Исламската Заедница во Република Македонија, својата активност ја потпира врз Куранот, Сунетот, и нејзиниот Устав, како и нормативните акти што произлегуваат од него. Верски објекти на Исламската Заедница се џамии, месџиди, исламски центри на нејзини верници надвор од земјата, теќии, турбиња, Саат Кули, гусуланови, итн.

Бројот на џамиите во Македонија достигнува до 600, од кои најпознати се оние од XV и XVI век, како што се оние во Скопје: џамиите на Јаја Паша, Иса Бег, Мустафа Паша, Султан Мурат; во Тетово: Шарена џамија, Саат џамија; во Битола: Исак џамија, Хајдар Кади Паша и Јени џамија: во Прилеп: Чарши џамија; во Гостивар: Саат џамија; во Штип: Кад`н Хана џамија; во Охрид: Хајати Баба Теќе и Али Паша џамијата, итн., а бројот на Исламски центри - џамии во дијаспората  достигнува 157.

Исламската вера има два празника: Курбан Бајрам и Фитер Бајрам, кои се тесно поврзани со ибадети: Курбан Бајрам е поврзан со Аџилакот, додека Фитер Бајрам доаѓа веднаш по завршувањето на месецот на постот, Рамазанот. Покрај овие празници, во исламската вера има и некои посебни денови, кои исто така се поврзуваат со некој голем историски или верски настан, како што се: Ноќ на Кад`р, Регаиби, Мевлуди, Исраја и Мираџ, итн. Во текот на овие празнувања од верниците се бара да бидат што поблиску до Господ, да го обожуваат Него, да им помагаат на сиромашните, да се советуваат еден со друг за добро, итн.

**Адреса:** ул. „Чаирска" 52, 1000 Скопје
**Телефон:** 02/311-7410 и 02/311-7412
**Телефакс:** 02/311-7883
**Е-пошта:** bim@bim.org.mk
**Лице за контакт:** Абаз Исљами
**Веб:** www.bim.org.mk

**Католичка црква во Република Македонија**

Католичката црква во Македонија е присутна на овие простори од самите почетоци на христијанството во Македонија. Според статистиката 1% од население во Македонија се католици христијани.

Во Македонија постојат сега две црковни институции (Епархии) и тоа: за католиците од Римски обред, Скопска Бискупија, и за католиците од од византиско-словенски обред, Апостолски Егзархат, со седиште во Струмица.

Двете црковни институции: Скопска бискупија и Апостолскиот егзархат во Македонија од 2005 година се под водство на бискупот скопски и апостолскиот егзарх во Македонија д-р Киро Стојанов, што можеби е и единствен случај на вакво водство во светот.
Во 1883 година, со создавањето на Апостолскиот викаријат за Македонија со седиште во Солун, е формирана и правната структура на Католичката црква од византиско-словенски обред во Македонија.

По Првата светска војна католиците од источен обред кои се нашле во Вардарскиот дел на Македонија и Струмичкиот регион и светиот Отец Папа ги поверува под грижата на тогашниот Надбискуп во Скопје. На 19 октомври 1923 година со одредба на Ватикан стануваат составен дел на Крижевската епархија и како такви остануваат се до 2001 година.
Неговата Светост папата Иван Павле II на 11 јануари 2001 година во Ватикан го потпиша декретот за воспоставување Апостолски егзархат за католиците од источен обред во Македонија што во Ватикан беше објавен на 25 јануари 2001 година. За седиште на егзархатот е одреден градот Струмица, а парохиската црква „Успение на Пресвета Богородица" во Струмица добива наслов катедрала.
Значајно е тоа што, Скопската бискупија, под чија јуриздикција се верниците од западен, односно римски обред е една од најстарите бискупии на Балканот која постои во континуитет од самото нејзино основување.
Верски празници се: Божиќ, Богојавление, Сретение, Благовест, Велигден, Духовден, Телово-Пресвета Евхаристија, Пресвета Тројца, Успение на Пресвета Богородица, Мала Богородица, Сите Светии, Св. Јосиф, Св. Георги, Св. Иван Крстител, Св. Кирил и Методиј, Св. Бенедикт, Св. Илија, Св. Архангел Михаил, Рафаил и Гаврил, Св. Димитрије, Св. Климент, Св. Наум, Св. Никола и други.
Католичката црква во Македонија се гордее, што покрај светите браќа Кирил и Методиј и нивните ученици светите Климент и Наум, во градот Скоје е родена и најголемата доброчинителка на светот блажена Мајка Тереза, која беше воспитана во духот на христијанството во Католичката црква во Скопје. Со тоа воспитување помина низ светот.

**Адреса:** ул. „Ристо Шишков" бр. 31, 1000 Скопје
**Телефон:** 02/316 4123
**Телефакс:** 02/316 4123
**Е-пошта:** katbiskupija@t-home.mk
**Лице за контакт:** Марјан Ристов

**Евангелско - методистичка црква во Република Македонија**

Во 1784 година во САД е основана првата Методистичка црква, а денес Евангелско-методистичката црква е присутна во овој регион повеќе од 150 години. Евангелско-методистичката црква во Република Македонија, како интернационална црква, е вклучена не само во црковните активности во Методистичката црква во светот, но исто така и во активностите на Светскиот совет на црквите - Екумена.

Првата евангелска заедница во Македонија била основана во Банско, Пирин, во 1868 година, а во периодот од 1860 до 1890 година, во многу градови и села во Македонија се оформени и други евангелски заедници.

Евангелско-методистичката црква во Р. Македонија има 13 заедници организирани во седум Окрузи со околу 6000 членови во цела Македонија.

Секретеријатот на Евангелско- методистичката црква е во Струмица.
Методистичката црква го задржува учењето на Англиканската црква, иако и двете скратуваат или додаваат нешта кои се неопходни за да се следат промените кои настануваат во модерниот свет.

Денес Методистичката црква е распростанета ширум светот и брои над 70 милиони членови. Главен проповедник за Македонија е г-дин Михаил Цеков.
Како и останатите христијански цркви и Евангелско- методистичката црква ги празнува Божиќ, Велигден, Вознесение Христово и Духовден. Покрај нив ги обележуваат и Мајчин ден, Светскиот молитвен ден на жените и Благодарствен ден.

**Адреса:** ул. „Загребачка" 4, 2400 Струмица
**Телефон:** 034/322-662
**Телефакс:** 034/322-662
**Е-пошта:** mcemc@kabelnet-tv.com.mk
**Лице за контакт:** Михаил Цеков, Софија Тајковска
**Веб:** www.emc-umc.org.mk

**Еврејска заедница во Република Македонија**

Еврејската заедница во Република Македонија е единствена еврејска заедница во Македонија и брои околу 250 членови, од кои најголем број се со сефардско потекло. Заедницата е една од петте верски заедници во Уставот на Републиката.
Традицијата на еврејски заедници во Македонија е долга. Евреите се населиле во Македонија и пошироко на Балканот со походот на Александар Велики во Мала Азија во 330 год. п.н.е. Еден од најстарите археолошки наоди за организирани романиотски (од периодот на Римското Царство) еврејски заедници е Полихармовиот столб од синагога во античкиот град Стоби којшто датира од 3 или 4 век од н.е. Најголемото населување на Евреи во Македонија и во регионот се случува од 1492 до 1496 година со прогонот на Евреите од Шпанија и Португалија. Сефарад на хебрејски значи Шпанија, и затоа овие Евреи се наречени сефардски Евреи. Сефардите со себе ја донесле својата развиена култура, традиција, обичаите, песните и јазикот јудео-шпански (уште наречен и ладино и џудезму) и целосно ја потиснале културата на романиотските Евреи. Во холокаустот во Македонија 98% од вкупното еврејско население или 7200 Евреи се убиени во Треблинка. Заедницата во Скопје е обновена во декември 1944 година и се приклучува на Сојузот на еврејските заедници на Југославија. Во 1991 година по осамостојувањето на Македонија, заедницата се одделува од Сојузот и продолжува да работи независно.
Денес заедницата е организирана во различни структури: Собрание коешто е составено од сите полнолетни членови на заедницата, Управен одбор составен од шест члена и претседател на Управниот одбор, којшто е воедно и претседател на заедницата. Постојат и повеќе комисии што се задолжени за различни прашања, како што се Комисијата за култура, Социјалната комисија, Комисијата за грижа и одржување на Еврејските гробишта и Верската комисија. Исто така, постојат и клубови, како што се Детскиот, Младинскиот и Женскиот клуб. Камерниот хор на заедницата, Моис Хасон, ја почнува својата активност во 2004 година со што е остварена долгогодишната желба за продолжување на старата хорска и музичка традиција на Сефардите.
Во 2000 година е изградена новата синагога Бет Јаков, којашто го носи името на старата скопска синагога. Синагогата е изградена и уредена според обичаите и традицијата на сефардските Евреи и спаѓа во групата на сефардските ортодоксни синагоги.
Библиотеката на заедницата располага со книжен фонд од 1150 наслови на книги, а Еврејската заедница има своја издавачка дејност и досега се објавени повеќе десетици наслови, како и преводи на книги.
Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија беше отворен на 10 март 2011 година.

**Адреса:** Борка Талески 24,1000 Скопје
**Телефон:** +389 2 3214 799; +389 2 3237 543
**Телефакс:** +389 2 3214 880
**Е-пошта:** contact@ezrm.org.mk
**Лице за контакт:** Јана Ничота
**Веб:** www.ezrm.org.mk

# КОДЕКС ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА

**Институтот за демократија (ИД) во своите научно-истражувачки активности се води според принципите на објективност, јасност, сеопфатност, валидност и веродостојност. Поради ова, ИД применува најразлични пристапи и техники кои обезбедуваат истражувачкиот процес, од почеток до крај, да се одвива според највисоките професионални и методолошки стандарди. Согласно претходно кажаното, ИД во својата работа се придржува до следниот кодекс:**

1. Испитанците ќе бидат чесно и објективно информирани за истражувањето во кое учествуваат;

2. Испитаниците ќе бидат прашани дали се согласни да учествуваат во истражувањето како и за евентуалното користење и цитирање на нивните коментари и одговори;

3. Во отсуство на согласност за користење и цитирање на коментарите и одговорите, истите ќе бидат третирани како доверливи;

4. Испитаниците ќе бидат третирани достоинствено и со почит во сите фази од истражувањето;

5. Истражувањето ќе ги почитува интересите на клиентите;

6. Истражувањето ќе биде спроведено, интерпретирано и анализирано на чесен и објективен начин;

7. Во дизајнирањето на прашалниците, водечки стандарди се валидноста и веродостојноста на собраните информации.

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЊА НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА

Процесот на спроведување на истражувањата поминува низ следниве фази:

## 1. ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ПРАШАЛНИК

Целта на процесот на дизајнирање на прашалникот е да ги отстрани можните грешки кои на различен начин произлегуваат од процесот на собирање на податоци и нивната анализа.

Формулирање на прашањата (создавање на прашалник според предметот и деталите на побаруваното истражување; проверка на речникот и јазично-синтаксичка формулација (избегнување на наведувачки прашања, жаргони и колоквијализми, двојна негација, намалување на пристрасност на прашањата итн.) и нивниот распоред; утврдување на редоследот на прашањата водејќи сметка за логичкиот тек );

Утврдување на формите на одговори и изготвување на шифрарник (формулација на одговорите, скалите и рангирањата);

Утврдување на физичките карактеристики на прашалникот (број на прашања по страна, визуално графичка организација (табели и сл.);

Тестирање на прашалникот (проверка и постигнување на квалитетно и ефикасно спроведување на прашалникот од страна на анкетарите, како и утврдување на проверка на валидноста и веродостојноста на прашањата од аспект на испитаниците преку спроведување на фокусна група (когнитивни тестови, набљудување на однесувањето);

Утврдување на финална верзија на прашалникот

## 2. УТВРДУВАЊЕ НА ПРИМЕРОК

Процесот на утврдување на примерок ги опфаќа следените фази:

Дефинирање на популацијата
Утврдување на рамка на примерокот (контекст на истражувањето, настани, процеси и сл.)
Големина и тип на примерок

ИД во својата истражувачка работа користи случаен примерок кој, за различни потреби соодветно се стратификува. Испитаниците се бираат случајно откако претходно популацијата на потенцијални испитаници соодветно се групира за да се обезбеди репрезентативност на примерокот. Таквото групирање е потребно за да се пресликаат соодветните демографски специфики на популацијата од

интерес. За обезбедување на случајноста на примерокот ИД се води според базите на податоци на телефонски претплатници, податоците од последниот попис на население спроведен од Заводот за статистика како и научно истражувачки анализи.

Заради почитување на гореспомеантите принципи од кодексот, ИД утврдува соодветен примерок врз основа на кој се спроведува истражувањето. Големината на примерокот варира од 1050 до 1600 испитаници согласно предметот на истражувањето. Во негово утврдување се води сметка за социо-демографските специфики (пол, старосна структура, образование, социо-економска структура и етничка/религиозна припадност и место на живеење) на популацијата од интерес. Големината на примерокот се пресметува според стандардна статистичка формула соодветна на видот на примерокот. За интервал на доверба од 95%, големина на примерокот од 1060 обезбедува маргинална грешка од 3% а примерок од 1600 испитаници грешка од 2.5%.

## 3. СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

Во оваа фаза се пристапува кон собирање на податоци од примерокот. Спроведувањето на оваа фаза започнува по комплетирање на претходните две: утврдување на примерокот и дизајнирање на прашалникот. На почетокот од секоја анкета се одржува подготвителен тренинг со тимот на истражување согласно спецификите и потребите на анкетата. Се даваат последните инструкции до анкетарите кои се засноваат на наодите добиени во текот на тестирањето на прашалинкот. За анкетирање на припадници на различните заедници кои живеат во Македонија се ангажираат анкетари кои го познаваат јазикот на тие заедници. Испитувањата се спроведуваат од страна на професионален и искусен тим на анкетари со кои располага Институтот.

### 3.1 Теренско (лице в лице) истражување

ИД располага со високо професионална мрежа од околу 60 анкетари на територијата на  РМ обучена за спроведување на теренски истражувања. Пред почетокот на секое истражување се организира посебна обука за запознавање со целите на истражувањето ,  природата и содржината на прашалникот и се даваат инструкции за спроведување на анкетата. По одржувањето на ваквата обука, анкетарите се групираат во тимови од по двајца анкетари (30 тимови на територијата на РМ) и се почнува со собирање на податоци.  Потребата од спроведување на теренските анкети со тимови од двајца анкетари се должи на практични и логистички потреби. Имено, процесот на анкетирање се одвива непречено, се овозможува взаемна контрола на анкетарите и поголема интерактивност со испитаникот, како и поголема објективност во кодирањето на одговорите. Секој од анкетарите поседува легитимација на која од предната страна се запишани личното име и презиме на анкетарот и од задната страна на легитимацијата печат и потпис на ИД и одговорното лице за спроведување на истражувањето. Заради контрола на квалитетот при секое истражување се формираат 4 посебни тимови во кои учествуваат истражувачи од ИД кои ја надгледуваат работата на анкетарите на терен.

Собирањето на податоци се врши согласно примерокот по случаен избор. За секој тим на анкетари однапред има точно

определен број на испитаници кои треба да се анкетираат во едно населено место. Испитаниците се определуваат од претходно подготвена шема според која обезбедува случајност на изборот.

Како механизам на контрола при собирањето на податоците, контролните тимови применуваат два инструмента на контрола: дополнителна верификација на испитаниците и де-брифинг со анкетарите. Верификацијата подразбира, задолжителна проверка по случаен избор на дел од анкетираните испитаници со цел отстранување на анкетарски грешки (самопополнувње и несоодветен однос). Де-брифингот подразбира комуникација со анкетарите на терен кои ги пренесуваат личните искуства од истражувањето, коментарите кои што ги добиле од испитаниците, како и нивните препораки и забелешки за подобрување на работата. Контролата на квалитет во оваа фаза се прави на почетокот и на крајот на истражувањето.

## 4. ОБРАБОТКА И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ

По фазата на прибирање на податоци следува процесот на нивна обработка. Целта на овој процес е креирање на база на податоци која ќе служи за понатомошна статистичка обработка и добивање резултати. При теренски анкети, кои вообичаено се истражувања од поголем обем со повеќе податоци, тим од две до шест технички лица врши обработка на шифрарниците во податоци. Овој тим е во постојана комуникација со нашите истражувачи а при овој процес се вршат дополнителни тестови за да навремено се откријат и отстранат потенцијалите за грешки во фазата на внесување на податоци.

ИД, при теренски истражувања „лице в лице" врши прибирање и обработка на податоците наизменично, за да ја зголеми ефикасноста и го намали времето на спроведување на истражувањето. При телефонско анкетирање, процесот на прибирање и обработка на податоците е симултан и истовремен, благодарение на специјализиран софтвер за анкетирање кој е инвестиција на Институтот. Овој софтвер дополнително ни овозможува потполн мониторинг на процесот на прибирање на податоци а ја намалува можноста за грешки при внесување и обработка на податоци. Истовремено, таквата алатка значително го забрзува процесот на истражување.

Институтот за демократија статистички ги анализира податоците користејќи современи софтверски алатки како на пример SPSS. Вообичаено, ИД испорачува анализа на дескриптивна статистика, односно за секое прашање презентира фрекфенција на одговори и вкрстување со демографските карактеристики. Тоа што е важно за Институтот е анализите и извештаите за истражувањата на кои работи, да бидат јасни и разбирливи за секого. Токму поради ова, ИД посветува големо внимание на начинот на кој податоците се презентираат. Во оваа смисла, резултатите се проследени со визуелна презентација во форма на графикони и наративен извештај кој ги дообјаснува и контекстуализира резултатите.

Процесот на трансформација на податоците во резултати и резултатите во анализа е последниот чекор во истражувањето. Овој чекор изискува висока стручност и експертиза на истражувачкиот тим кој го проследува целиот истражувачки процес, но и одделот за аналитика кој на крајот додава значење на самите резултати. Во тимот на ИД членуваат експерти од општествените науки со исклучително ниво на знаење и искуство во истражувачки проекти. ИД може да се пофали со четири докторанти во завршните фази на

нивните студии и два магистри. Целокупниот тим на ИД има комбинирано студии на најдобрите универзитети од светот од областа на општествените науки. Ова обезбедува високо ниво на научност и објективност при анализата на резултатите но и капацитет за подлабок увид во нивното значење.

## 5. КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Согласно својот кодекс на работа Институтот за Демократија спроведува контрола на квалитет во сите фази на процесот на истражување.

**Дизајнирање на прашалник**

• Контрола на формулација (јасноста, неутралноста) и логичкиот редослед на прашањата;
• Тест на времетраењето на администрирање на еден прашалник и прилагодување;
• Интерпретација на прашањата од страна на испитаниците (тест со фокусна група);
• Набљудување на однесувањето на анкетарите и испитаниците за време на тестот;
• Прилагодување на прашалник согласно добиените наоди.

**Утврдување на примерокот**

• Ажурирање на податоците од пописот на население, како и базите на податоци на телекомуникациските оператори и споредба со постојниот примерок;
• Примена на стандардни статистички формули за големина на примерок.

**Собирање и обработка на податоци**

• Прирачник со инструкции за анкетари;
• Софтверска контрола на динамиката на внесување на податоци;
• Контролни тимови (контрола на терен/дебрифинг или во канцеларија);
• Повторување на анкетниот процес во случаите на нереспонзивност;
• Пост – анкетна контрола (контакт со примерок на анкетирани испитаници);
• 10% од анкетните листови се подложни на повторна обработка за да се утврдат евентуални пропусти во кодирањето;
• Супервизија од страна на експерт за статистика.

# ПРАШАЛНИК „РЕЛИГИОЗЕН ДИЈАЛОГ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“

# ИЗВЕШТАЈ ОД ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ „РЕЛИГИОЗЕН ДИЈАЛОГ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“

**Резултатите од теренското истражување се презентирани во следниот дескриптивно аналитички извештај. Како незначителномалцинство се дефинираат одговори дадени од страна на помалку од 10% од испитаниците.; мало малцинство се однесува на 10% до 30%; малцинство варира меѓу 30% и 50%; мнозинство претставува одговор кој го дале 50% до 70% од испитаниците, додека големо мнозинство се однесува на одговор даден од повеќе од 70% од испитаниците. Одговорите кои се со помала застапеност од 5%, како и категориите “нема одговор” не се споменуваат, поради што крајниот резултат не е задолжително во сите случаи 100%.**

**П1.** Генерално гледано, дали сте задоволни со тоа како се одвива ситуацијата во земјата?

1. Задоволен/на
2. Незадоволен/на
3. Не знам

**Прашање 1**

Мнозинството од испитаниците се незадоволни со тоа како се одвива ситуацијата во земјата, наспроти малцинството кои се задоволни. Во споредба со другите религии, најголем процент на незадоволни испитаници се припадници на муслиманската религија.

**П2.** Според вас верник е

- Лице кое верува дека Господ постои и редовно ја практикува верата
- Лице кое верува дека Господ постои и понекогаш ја практикува верата
- Лице кое верува дека Бог постои, но не мора да ја практикува верата
- Не знам

**Прашање 2**

Мнозинството од испитаниците го дефинираат како верник лицето кое верува дека Господ постои и редовно ја практикува верата, со тоа што оваа дефиниција во значително поголем процент е присутна помеѓу муслиманите. Со ова се покажува дека, особено кај муслиманите, не е доволно само да се верува дека Господ постои, туку истовремено потребно е и редовно практикуваање на истата за да се биде верник. Остатокот од испитаниците по ова прашање се поделени, и тоа 21.6% сметаат дека верник е лице кое верува во Господ и понекогаш ја практикува верата, додека 23.2% сметаат дека за да се биде верник не мора да се практикува верата.

**П3.** Дали сте религиозен/а; верник?

1. Да
2. Делумно
3. Не
4. Немам одговор

**Прашање 3**

Најголем број граѓани на Република Македонија се религиозни/верници, имено големо мнозинство од испитаниците се изјасниле како такви. Меѓутоа, она што може да се забележи е дека поголем е бројот на муслимани верници, дури 91% од анкетираните, за разлика од православните каде овој процент е помал - околу 60%.Остатокот од испитаниците - мало малцинство се изјасниле као делумно религиозни, наспроти незначителното малцинство кои се изјасниле како нерелигиозни.

**П4.** На која религија/вера припаѓате?

1. Православно христијанство
2. Ислам
3. Католицизам
4. Протестантство
5. Јудаизам
6. Друго (наведи) ________________
7. Атеист
8. Не припаѓам на ниедна религија
9. Немам одговор

Ако одговорот на П4 е од 1 до 6 тогаш прашај П4А, ако одговорот на П4 е 7 или 8 прашај П4Б

**Прашање 4**

Од вкупно испитани 1090 граѓани на Република Македонија за целите на оваа анкета, 65.9% се изјасниле како православни христијани, 30.4% припаѓаат на исламската вероисповед. Остатокот, имено незначително малцинство, се изјасниле како католици, протестанти, атеисти или не припаѓаат на ниедна религија.

**П4А.** Кои се главните вредности на вашата религија? Наброј три:

**Прашање 4.1**

На прашањето да ги наведат трите главните вредности на нивната религија, најчесто добиени одговори се : десет божји заповеди (не кради, не лажи, не убивај, љуби го ближниот, не прави зло, не врши прељуба); верба (во Господ, црква, светото тројство) и почит (кон ближниот, постари, взаемна). Овие вредности се најзастапени кај православните верници, додека кај муслиманите е поизразено како вредност практикувањето на религијата (молење во џамија, аџилак), славење на празниците (Рамазан, Бајрам), и почитта.

**П4Б.** Кои се ваши главни вредности? Наброј три:
________________________________________________________________
________________ - прескокни на **П8**

**Прашање 4.2**

Во однос на личните вредности, постои генерално поклопување со вредностите на религијата, пример во

случајот со вербата и почитта како вредности. Дополнително, беа наведувани работливоста, помагањето и толеранцијата (разбирање).Овие вредности се застапени кај најголем број од испитаниците, независно на која религија припаѓаат.

**П5.** Како ја практикувате вашата религија?

1. Се молам
2. Одам во црква/џамија/синагога редовно
3. Не ја практикувам
4. Друго (да се запише)____________________________
5. Немам одговор

**Прашање 5**

Редовното одење во црква/џамија/синагога е во мал процент позастапен начин на практикување на религијата (46.9%) во однос на молењето (40.6%). Постои разлика во начинот на кој се практикува религијата помеѓу муслиманите и православните верници во Македонија. Додека православните преферираат одење во црква, кај муслиманите молењето е позастапен начин на практикување на верата. Сепак, постои и едно незначително малцинство, кои иако се верници, не ја практикуваат религијата.

**П6.** Колку често ја практикувате?

1. Еднаш во недела
2. Еднаш на месец?
3. Неколку пати во годината/за големи празници
4. Не практикувам
5. Немам одговор

**Прашање 6**

На прашањето колку често ја практикуваат религијата, скоро 40% од испитаниците одговориле дека ја практикуваат неколку пати во годината, односно за големи празници. Малцинството од анкетираните се поделени во однос на тоа дали ја практикуваат еднаш неделно или еднаш во месецот. Постои евидентна разлика во интензитетот на практикувањето на религијата.
Значително поголем процент на муслимани ја практикуваат религијата еднаш неделно, за разлика од православните верници каде најголем процент религијата ја практикуваат само за големи празници, односно неколку пати во годината.

**П7**. Верата ја доживувам како:

1. Директен однос кон Бога
2. Однос кој го остварувам преку црквата/џамија/синагога
3. Однос кој го остварувам и директно и преку црквата/ џамија/синагога
4. Нешто што ми е туѓо
5. Не знам

**Прашање 7**

Испитаниците се поделени во однос на тоа како ја доживуваат верата. Скоро половина од испитаниците ја доживуваат верата како директен однос кон Бога. Остатокот од испитаниците, имено малцинството е поделено по тоа дали верата е однос кој се остварува преку црква/џамија/синагога (22.5%) или и како директен однос кон Бога и однос остваруван преку црква/џамија/синагога (20.9%). И муслиманите ја

доживуваат верата како директен однос кон Бога, со тоа што кај нив ова мислење е повеќе изразено.

**П8.** Дали ги имате сменето вашите религиозни/верски убедувања во текот на животот?

1. Да, претходно припаѓав на една религија сега припаѓам на друга
2. Да, претходно не бев религиозен/на, сега сум
3. Да, претходно бев религиозен/на, сега не сум
4. Не
5. Не знам

**Прашање 8**

Големо мнозинство од испитаниците, дури 93.6% не ги има променето своите религиозни/верски убедувања. Наспроти нив, незначително малцинство ги промениле убедувањата на различни начини.

**П9.** Какво значење има религијата во вашиот живот?

1. Има големо значење
2. Има мало значење
3. Нема никаква значење
4. Не знам

**Прашање 9**

Религијата има големо значење кај мнозинство од испитаниците, а за мало малцинство (26, 8 %) религијата има мало значење. Наспроти нив, само кај незначително малцинство религијата нема никакво значење.Важноста на религијата е изразена кај испитаните муслимани со преку 90% додека кај православните христијани религијата има големо значење за 54,1 %.

**П10.** Дали верувате во светоста на места (храмови, свети извори и предмети) од други религии?

1. Да, верувам
2. Не верувам
3. Не знам

**Прашање 10**

Во светоста на места како храмови, свети извори и предмети од други религии веруваат мнозинство испитаници.
Таквиот став е мнозинство и изразен кај сите религии иако муслиманите во најмал обем го делат ова мислење (61,3%), споредено со припадниците на другите религии.

**П11.** Дали знаете кои пет (5) верски заедници се споменати во Уставот на Македонија?

1. Да
2. Не
3. Нема одговор

**Прашање 11**

Испитаниците се поделени во однос на тоа колку од нив знаат кои пет верски заедници се споменати во Уставот. Потврдно одговориле 49.9%, а негативно одговориле 43.2% од испитаниците.

**П11.** А. Ако ДА, може ли да ги наведете:
(во шифрарникот запиши колку точни одговори ќе има испитаникот. Наведените одговори не се читаат)

- Македонска православна црква
- Исламска верска заедница
- Католичка црква
- Евангелско-методистичка црква
- Еврејска заедница

**Прашање 11а**

Од испитаниците кои одговориле дека знаат кои се петте верски заедници споменати во Уставот, најголем процент (34%) знаат да наведат три, 23.9 знаат да ги наведат сите пет, додека четири верски заедници се наведениод страна на 21% од испитаниците. Наспроти мнозинството испитаници кои предходно тврделе дека ги знаат сите пет верски заедници, само мало малцинство од нив успеале точно да ги набројат.

**П12.** Колку религии има во Македонија?

1. 1-5
2. 5-10
3. Повеќе од 10
4. Не знам

